# Преглед на пазарите

23.01.2023-27.01.2023

- **САД**

Акциите продолжија со растот во надеж дека ќе се избегне рецесија годинава. Секторот на широка потрошувачка оствари најсилен раст изминатата недела. Главно растот се должи на Тесла по позитивните изјави и очекувања дадени од Елон Маск. Податоците за економската активност исто така покажаа благо подобрување, каде индексот за секторите производство и услуги порасна од 45 на 46,6 индексни поени. Од друга страна, по седум месечниот пад пораснаа трошоците за производство. Во четвртокот Министерството за трговија објави дека економијата на САД остварила раст од 2,9% во последниот квартал од 2022 година. Ценовниот индекс според извештајот исто така беше над очекувањата, со раст од 3,5%. Податоците за инфлацијата беа во линија на очекувањата. Индексот на базична лична потрошувачка заклучно со декември порасна за 4,4% на годишно ниво, додека на месечно ниво покажа пад од 0,2%. Објавите на резултатите ја потврдуваат пониската потрошувачка. Така, Microsoft кој има значајно учество во индексот S&P500, падна по објавата за поголем пад на приходите и добивката од очекуваното, но и најавите дека ќе продолжи трендот и во 2023 година. Исто така, послаби резултати забележаа Intel и IBM.

- **Европа**

Позитивниот сентимент кај инвеститорите продолжи и во Европа. Индексот STOXX Europe 600 ја заврши неделата со раст од 0,67%. Исто така раст забележаа и DAX за 0,77%, индексот CAC 40 за 1,45% и италијанскиот FTSE MIB за 2,56%. Европската централна банка ги повтори најавите за значајни покачувања на основната каматна стапка во претстојните два месеци годинава. Приносите на француските и швајцарските државни обврзници пораснаа откако членот на советот на ЕЦБ, Клас Кнот повика за две покачувања по 0,5% на наредните два состаноци. Објавените податоци за бизнис активноста во Еврозоната се стабилизираа во јануари, по неколку месечниот последователен пад, што дава надеж за избегнување на очекуваната рецесија. Исто така, подобрување е забележано и кај довербата на потрошувачите. Во меѓувреме инвеститорите во Германија се охрабрија, благодарение на опаѓачката инфлација и подобрите изгледи за економијата во 2023 година.

- **Азија**

Индексите во Јапонија пораснаа неделава предводени од Nikkei 225 кој порасна за 3,12% и TOPIX индексот за 2,9%. Растот на индексите се должи на позитивниот сентимент по објавата на САД за растот на економијата во последниот квартал од 2022 година. Фокусот на инвестоторите исто така беше насочен кон базичната инфлација во Јапонија, која порасна за 4,3% годишно заклучно со јануари 2023 година со што оди 2% над таргетот на Банката на Јапонија. Приносот на 10 годишната јапонска државна обврзница порасна на 0,47% од 0,4%, додека јенот во однос на доларот благо се намали на 129,91 од 129,56.
Во Кина поради празниците, пазарите не работат од 21.01.2022 година и ќе отворат на 30.01.2022 година. Извозот од Кина опаѓа трет месец по ред главно поради пречките предизвикани од пандемијата и мерките за нула Ковид.
Од друга страна, акциите во Хонг Конг пораснаа, а индексот Hang Seng заврши за 2,96% повисоко.